**Известување за концентрација со која Модирум Групација ОУ, Естонија ќе стекне контрола над ИТгма ДОО Скопје Северна Македонија (предмет бр. 08-85/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Модирум Групација ОУ, со седиште во Округот Харју, Талин, област Кеклина, област Парну 139е/2, 11317, Естонија, ќе стекне контрола врз Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје, со адреса на седиште на ул. Анкарска бр. 29А, 1000 Скопје, Северна Македонија, преку стекнување на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Модирум Групација ОУ врши деловни и други консултантски активности за управување со друштва во рамките на Модирум групацијата, конкретно врши дејности на главна канцеларија, консултантско-менаџерски активности и други деловни и консултантско-менаџерски активности. Други друштва од групацијата вршат и компјутерски консултантски работи.

Модирум групацијата е присутна на пазарот во Северна Македонија преку следните Друштва:

- Друштво за производство, трговија и услуги ВЕБ ФАКТОРИ ДОО Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада бр. 56, 1000 Скопје, Северна Македонија, друштво кое развива софтвер и врши други ИТ услуги; и
- Друштво за маркетинг и услуги ЛАЈТХАУС УАН ДОО Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада бр. 56, 1000 Скопје, Северна Македонија, друштво што врши маркетинг активности.

Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје работи во ИТ индустријата, конкретно во областа на вршење на компјутерско-консултантски активности, компјутерско програмирање и други слични ИТ услуги. Истото врши софтверски и ИТ услуги во неколку индустрии, како што се: телекомуникациите, банкарството и финансиите, софтвер и ит услуги, јавен и владин сектор.

Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје,има основано три други друштва во 100% сопственост, и тоа:

- Друштво за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма Соурцинг ДООЕЛ Скопје, со адреса на седиште на ул. Анкарска бр. 29А, 1000 Скопје, Северна Македонија;
- ИТгма ДОО БЕЛГРАД-НОВИ БЕЛГРАД, друштво со ограничена одговорност основано и со седиште во Република Србија; и

- ITgma EMEA FZ LL, друштво со ограничена одговорност основано и со седиште во Обединетите Арапски Емирати.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот на софтвер и ИТ-услуги, додека како релевантен географски пазар би можела да се дефинира територија на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.05.2024 година
Скопје